Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.05.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3656 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 01.01.2014 до 31.12.2014 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 мај 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 91 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски на радиодифузерите за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти);

- **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, во текот на 2014 година ги исполни обврските од член 91 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Од вкупно емитуваните програми во текот на годината, што влегуваат во пресметка за европски аудиовизуелни дела, 71,47% беа европски аудиовизуелни дела.

Воедно, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, од буџетот наменет за програми издвои 12% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***